РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Су.бр.1453/25
27 ноември 2025 година
С к о п ј е

Врз основа на член 15 став 1 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година и Су.бр.149/2023 од 26 јануари 2023 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 ноември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за избор на кандидат

За извршител на работното место-самостоен советник-координатор на внатрешната ревизија во Одделот за внатрешна ревизија во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија се избира кандидатот Татјана Веселинова-Аргировска.

## О б р а з л о ж е н и е

Уставниот суд на Република Северна Македонија, на 30 јули 2025 година објави Јавен оглас бр.1/2025 во два дневни весници („Нова Македонија" и „Коха") и на интернет страницата на Уставниот суд, меѓу другото и за вработување на неопределено време на работното место-самостоен советник-координатор на внатрешната ревизија во Одделот за внатрешна ревизија во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија (еден извршител).

Комисијата за организациони и кадровски прашања на ден 17 ноември 2025 година изврши административна селекција на поднесените пријави за што беше составен Записник од извршена административна селекција на поднесени пријави за вработување на неопределено време Су.бр.1439/25 од 25 ноември 2025 година.

На ден 24 ноември 2025 година, Комисијата спроведе стручен испит заради проверка на стручноста, знаењата и вештините на кандидатите, а на ден 25 ноември 2025 година, спроведе интервју каде преку ситуациони и

стручни прашања беа проверени потребните работни вештини и знаења за работното место за коешто аплицирале кандидатите.

Врз основа на спроведената постапка и резултатите од истата, Комисијата состави Извештај за спроведената постапка за вработување на неопределено време во Службата на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со ранг листа на кандидати и предлог за избор на кандидат за работното место Су.бр.1440/25 од 25 ноември 2025 година.

Согласно член 15 став 1 од Правилникот, а врз основа на доставениот предлог од страна на Комисијата, Судот донесе одлука за избор на кандидатот наведен во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на интерент страницата на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
д-р Дарко Костадиновски